# ОТВОРЕН БУЏЕТ 2015 > МАКЕДОНИЈА

| ТРАНСПАРЕНТНОСТ (ИНДЕКС НА ОТВОРЕН БУЏЕТ) | ВКЛУЧЕНОСТ НА ЈАВНОСТА | НАДЗОР НА БУЏЕТОТ | |
|---|---|---|---|
| 35 од 100<br>Владата објавува **минимални** информации за буџетот | 6 од 100<br>Владата на Македонија **има слабости** во обезбедувањето на можности за вклучување на јавноста во буџетскиот процес | 42<br>од 100<br>од **Законодавство**<br>Надзорот од страна на законодавството е **ограничен** | 100<br>од 100<br>од **Ревизија**<br>Надзорот од страна на Државната ревизија е **адекватен** |

## ТРАНСПАРЕНТНОСТ (ИНДЕКС НА ОТВОРЕН БУЏЕТ)

Повикувајќи се на меѓународно прифатените критериуми, создадени од мултилатералните организации, Open Budget Survey (Анкета за отворен буџет) користи 109 индикатори за да ја измери буџетската транспарентност. Овие индикатори се користат за да се процени дали централната власт навремено ги става на располагање на јавноста осумте клучни буџетски документи и дали податоците содржани во овие документи се сеопфатни и корисни.

На секоја земја и е дадена оцена од вкупно 100, која го одредува рангирањето на Open Budget Index (Индекс на отворен буџет), која претставува единствена независна и компаративна мерка за буџетска транспарентност во светот.



Оцената на Македонија е 35 од вкупно 100, и таа е умерено пониска од глобалниот просек кој изнесува 45.

**Корисност на буџетските информации, низ буџетскиот циклус**




*Забелешка: за известување за корисноста на секој документ се користени следните категории: Не подготвен документ; доцна објавен; за интерна употреба; оскудни информации, минимални, ограничени, значителни и екстензивни.*

**Промена на транспарентноста по години**




## Достапност на буџетски документи

| Документ | 2008 | 2010 | 2012 | 2015 |
|---|---|---|---|---|
| Пред буџетска Изјава | 🔴 | 🔴 | 🔴 | 🔴 |
| Предлог Буџет на извршна власт | 🟢 | 🟢 | 🟢 | 🟢 |
| Донесен Буџет | 🟢 | 🟢 | 🟢 | 🟢 |
| Граѓански Буџет | 🟡 | 🔴 | 🔴 | 🔴 |
| Извештаи во текот на годината | 🟢 | 🟢 | 🟢 | 🟢 |
| Полугодишен Извештај | 🟢 | 🟢 | 🔴 | 🟡 |
| Годишен Извештај | 🟢 | 🟢 | 🟢 | 🟢 |
| Ревизорски Извештај | 🟢 | 🟢 | 🟢 | 🟢 |

🔴 Не подготвени/ доцна подготвени   🟡 Подготвени за интерни потреби   🟢 Објавени

Од 2012 наваму, Владата на Македонија ја зголемила достапноста на буџетските информации преку:

- Подобрување на сеопфатноста на Годишниот Извештај.

Сепак, Владата на Македонија не успеала да постигне напредок во следните аспекти:

- Изготвува Полугодишен преглед, но не овозможила да биде достапен за јавноста.
- Не изготвува Пред буџетска Изјава и Граѓански буџет
- Објавува Извештаи во текот на годината кои содржат само минимални буџетски информации.

Оценката за Македонија од Open Budget Index е 35 за 2015 година и таа остана непроменета во однос на 2012.

## Учество на јавноста

Доказите  укажуваат дека транспарентноста сама по себе не е доволна за подобрување на управувањето, туку дека и учеството на јавноста во буџетскиот процес може да ги зголеми позитивните исходи поврзани со подобрување на буџетската транспарентност.

При мерењето на учеството на јавноста, Анкетата за Отворен Буџет го оценува степенот до кој Владата обезбедува можности за јавноста да се вклучи во буџетските процеси. Таквите можности треба да бидат обезбедени во текот на буџетскиот циклус од страна на извршната, законодавната и на врховната ревизорска институција.






Оценката за Македонија 6 од 100 укажува дека обезбедувањето на можности за јавноста да се вклучи во процесот на буџетирање е слаба. Оваа оценка е пониска од глобалната просечната оценка која изнесува 25.

## Надзор на буџетот

Анкетата за Отворен Буџет го испитува и степенот до кој Собранието на Р. Македонија (законодавната власт) и Државниот завод за ревизија се способни да обезбедат ефективен надзор на буџетот. Овие институции ја имаат клучната улога - често се содржани во националните устави, и во планирањето на буџетите, како и следење на нивното спроведување.




Собранието на Р. Македонија има ограничен надзор во текот на фазата на планирање на буџетскиот циклус и слаб надзор во фазата на имплементација на буџетскиот циклус. Пред-буџетска дебата немало, а и според законот и во пракса, Собранието не се

консултира пред трошењето на непредвидените приходи како и за користење на средствата за непредвидени трошоци кои не се идентификувани во донесениот Буџет.




Државниот завод за ревизија (ДЗР) обезбедува соодветен надзор на буџетот. Според Законот, има целосно право да изврши ревизија кога смета дека е потребно. Дополнително, раководителот на ДЗР не може да биде отстранет без законодавно или судско одобрување, со што се зајакнува неговата независност. На крај, предвидени се доволно средства за ДЗР, за да го исполни својот мандат и да има соодветен систем за обезбедување на квалитет.

## Препораки

### Подобрување на транспарентноста

Македонија треба да им даде приоритет на следниве активности за да ја подобри транспарентноста на буџетот:
• да објавува Полугодишен извештај.
• да подготвува и да објавува Пред-буџетска изјава и Граѓански Буџет.
• да ја зголеми сеопфатноста на Предлог Буџетот преку презентирање на повеќе информации за класификацијата на расходите за идните години и класификацијата на расходите за претходните години.

### Подобрување на учеството

Македонија треба да им даде приоритет на следниве активности за подобрување на учеството во буџетскиот процес:

- Воспоставување на релевантни и ефективни механизми (на пример, јавни трибини, анкети, фокус групи) за прибирање на голем број мислења за буџетските работи од страна на јавноста.

- Да се организираат расправи за буџети на одредени министерства, одделенија и агенции, како и расправи за ревизорските извештаи, на кои јавноста ќе може да присуствува и слуша.
- Да се воспостават формални механизми преку кои јавноста ќе може да и помогне на ДЗР да ја формулира својата програма за ревизија и јавноста да учествува во истрагите на ревизијата.

### Подобрување на надзорот

Македонија треба да им даде приоритет на следниве активности за зајакнување на надзорот на буџетот:

- Воспоставување на специјализирана канцеларија за истражување на буџет во Собранието на Р. Македонија.
- Во законот а и во пракса, да се обезбеди Собранитео да биде консултиран пред трошењето на било какви непредвидени приходи како и за користење на средствата за непредвидени трошоци, кои не се идентификувани во Донесениот Буџет.

## Методологија

Анкетата за Отвореност на буџетот ги користи меѓународно прифатените критериуми, создадени од мултилатерални организации како што се Меѓународниот монетарен фонд (IMF), Организацијата за економска соработка и развој (OECD) и Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (INTOSAI). Таа е инструмент за истражување базиран на факти, кој го оценува она што се случува во пракса преку лесно воочливи феномени. Целиот процес на истражување опфаќаше околу 18 месеци во периодот од март 2014 до септември 2015 година целиот процес вклучуваше околу 300 експерти од 102 земји. Анкетата е делумно ревидирана во споредба со онаа од 2012 година, со цел подобро да ги одрази новите случувања во прифатените добри практики и да зајакне поединечни прашања. Целосната дискусија на овие промени може да се најде во техничката забелешка за споредливост на Индексот на отвореност на буџетот. (види подолу).

Одговорите во анкетата обично се поддржани со цитати и коментари. Ова може да вклучува и упатување кон јавен документ, официјална изјава од страна Владата, или коментари од лице-в-лице интервјуа со официјален претставник на Владата или други страни.

Анкетата е составена од прашалник подготвен за секоја земја од страна на независни експерти за буџет, кои не се поврзани со националната Влада. Прашалникот на секоја земја е независно прегледан од страна на анонимен експерт кој, исто така, нема никаква поврзаност за Владата. Покрај тоа, IBP (International Budget Partnership) ги повикува националните влади да дадат коментари за нацрт резултатите од спроведеното

истражување и ги зема предвид тие коментари пред изготвувањето на конечните резултати од истражувањето.

И покрај постојаните напори, IBP не доби коментари за нацрт резултатите за отвореноста на буџетот од страна на Владата на Република Македонија

Истражувањето за транспарентноста на буџетот за Македонија беше спроведено од страна на:
Марјан Николов
Центар за економски анализи
Бул. Јане Сандански 63/3
1000 Скопје, Македонија
info@cea.org.mk

**Дополнителни информации**
Посетете го www.openbudgetsurvey.org за повеќе информации, вклучувајќи:

- Анкетата за Отворен Буџет 2015 година: Глобален извештај
- Индивидуална база на податоци за секоја од 102 земји опфатени со истражувањето.
- Техничка забелешка за споредливост на Индексот на отворен буџет за периодот на истражување.

*Текстот не е официјален превод од IBP. Преводот е изготвен од Центарот за економски анализи. Оригиналната верзија на документот на англиски јазик можете да ја најдете на следниот линк : http://internationalbudget.org/wp-content/uploads/OBS2015-CS-Macedonia-English.pdf.*